**20262604669**

**РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 54 став (1) точка 1.11, а во врска со член 62, став (1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/25, 135/25 и 172/26), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 02 ноември 2026 година, донесе

# ТАРИФЕН СИСТЕМ ЗА ДИСТРИБУЦИЈА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ЗА КОРИСНИЦИТЕ НА АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ

## I ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

(1) Со овој Тарифен систем за дистрибуција на електрична енергија за корисниците на АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Скопје (во понатамошниот текст: Тарифен систем) се уредува начинот и условите за формирање и одобрување на тарифите за пресметковните елементи за дистрибуција на електрична енергија, по кои операторот на електродистрибутивниот систем (во понатамошниот текст: ОДС) им фактурира надоместок за користење на електродистрибутивниот систем на корисниците на електродистрибутивниот систем и тоа:

1) производител на електрична енергија;
2) оператор на складиште за електрична енергија;
3) агрегатор на електрична енергија;
4) активен потрошувач;
5) дистрибутивна мрежа што е управувана од граѓанска енергетска заедница;
6) затворен електродистрибутивен систем;
7) потрошувач на електрична енергија;
8) станица за полнење на електрични возила;
9) снабдувач со електрична енергија и
10) трговец со електрична енергија.

(2) ОДС им фактурира надоместок за користење на електродистрибутивниот систем на производителите на електрична енергија кога преземаат електрична енергија од електродистрибутивниот систем, а која ја користат за сопствени потреби.

(3) ОДС им фактурира надоместок за користење на електродистрибутивниот систем на агрегаторите, снабдувачите и трговците со електрична енергија од точките 3), 9) и 10) од ставот (1) на овој член за потрошувачите, производителите и операторите на складишта на електрична енергија приклучени на електродистрибутивниот систем, ако ОДС склучил договор со кој истите ги овластил да ги наплаќаат надоместоците за користење на електродистрибутивниот и електропреносниот систем.

(4) ОДС фактурира надоместок за користење на електродистрибутивниот систем на корисниците од став (1), како и надоместок за користење на електропреносниот систем, утврден со Тарифниот систем за пренос на електрична енергија.

(5) Тарифите за пресметковните елементи треба да обезбедат ОДС да го оствари регулираниот максимален приход утврден со одлука на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), во согласност со прописите и методологиите за формирање на тарифи за електрична енергија.

Член 2

Со овој Тарифен систем за дистрибуција се утврдуваат:

1) критериуми за определување на категории на корисници,

2) пресметковни елементи и

3) основи за формирање на тарифи за пресметковни елементи за користење на електродистрибутивниот систем.

Член 3

Овој Тарифен систем има за цел да обезбеди:

1) сигурно и доверливо функционирање на електродистрибутивниот систем, во согласност со важечките прописи, и

2) сигурна, безбедна и квалитетна дистрибуција и испорака на електрична енергија, со пропишан квалитет, преку електродистрибутивниот систем со којшто управува ОДС.

## II КАТЕГОРИИ НА КОРИСНИЦИ

Член 4

Според напонското ниво и точката на испорака на електричната енергија, со овој тарифен систем се определуваат следните категории на корисници:

1) категорија на корисници приклучени на висок напон,

2) категорија на корисници приклучени на среден напон,

3) категорија на корисници приклучени на низок напон.

Член 5

(1) Во категоријата на корисници приклучени на висок напон се корисници чиишто објекти се приклучени на напонско ниво од 110kV и повисоко.

(2) Во категоријата на корисници приклучени на среден напон се корисници чиишто објекти се приклучени на напонските нивоа од 35kV или 20kV или 10kV или 6kV.

(3) Во категоријата на корисници приклучени на низок напон (0,4kV) се корисниците чиишто објекти се приклучени на дистрибутивниот систем на напонско ниво од 0,4kV.

## III ПРЕСМЕТКОВНИ ЕЛЕМЕНТИ ЗА КОИ СЕ ОПРЕДЕЛУВААТ ТАРИФИ СО КОИ СЕ УТВРДУВА НАДОМЕСТОК ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЕЛЕКТРОДИСТРИБУТИВНИОТ СИСТЕМ

Член 6

(1) Пресметковни елементи за кои се определуваат тарифи врз основа на кои ОДС на корисниците на системот од член 1, став (1) од овој тарифен систем им го фактурира надоместокот за користење на електродистрибутивниот систем, се:

- пристап на електродистрибутивен систем,
- врвна активна моќност,
- активна електрична енергија и

- прекумерно превземена реактивна електрична енергија.

(2) Надоместокот за користење на електродистрибутивниот систем се состои од надоместоци за:

1) пристап на електродистрибутивен систем,

2) врвна активна моќност,

3) активна електрична енергија,

4) прекумерно превземена реактивна електрична енергија.

(3) Тарифите за секој од пресметковните елементи од став (1) на овој член, се утврдуваат за сите корисници, при што истите се еднакви за сите корисници кои припаѓаат на иста категорија на корисници.

Член 7

(1) Надоместокот за пристап на електродистрибутивниот систем за пресметковниот период претставува фиксен износ на надомест изразен во денари кој го утврдува Регулаторната комисија за енергетика за секоја категорија на приклучок.

(2) Сите корисници на електродистрибутивниот систем плаќаат надоместок за пристап на електродистрибутивниот систем за секое мерно место.

Член 8

(1) Врвната активна моќност е најголемата измерена просечна активна моќност во временски интервал од 15 минути во текот на месечниот пресметковен период во време на високите дневни оптоварувања.

(2) Под време на високи дневни оптоварувања од ставот (1) на овој член се подразбира временскиот период од 07:00 до 22:00 часот, во периодот за летно и зимско мерење на времето, за секој ден, освен недела.

(3) Врвната активна моќност се утврдува со уред за мерење и регистрирање на врвна активна моќност или се пресметува според одредбите од овој тарифен систем.

(4) Надоместокот за врвната активна моќност во месечниот пресметковен период се добива со множење на тарифата за врвна активна моќност изразена во денари/kW и измерената врвна активна моќност во kW.

(5) На производителите на електрична енергија директно приклучени на електродистрибутивниот систем, кои во состав на електроцентралата имаат инсталирано складиште на електрична енергија, за преземената електрична енергија од електродистрибутивниот систем за полнење на складиштето, ОДС не им пресметува врвна активна моќност.

(6) За операторите на складишта на електрична енергија, ОДС не им пресметува врвна активна моќност.

Член 9

(1) Доколку мерењето на врвната активна моќност се врши на повеќе мерни места на исто напонско ниво, врвната моќност се одредува со собирање на врвните моќности на сите мерни места од истото напонско ниво.

(2) ОДС врз основа на став (1) од овој член ќе ја утврди врвната активна моќност со собирање на остварените едновремени врвни активни моќности ако постои техничка можност за нивно објективно утврдување, а под услов објектите на корисникот да се наоѓаат на една градежна локација и да се приклучени на исто напонско ниво.

Член 10

(1) Активната електрична енергија се изразува во киловатчасови (kWh) и се утврдува со уред за мерење на активна електрична енергија.

(2) Надоместокот за потрошената активна електрична енергија за месечниот пресметковен период претставува производ од тарифата за активна електрична енергија изразена во денари/kWh и количината на потрошените киловатчасови електрична енергија (kWh).

Член 11

(1) Превземената реактивна електрична енергија се изразува во киловарчасови (kvarh) и се утврдува со уред за мерење на реактивна електрична енергија.

(2) Прекумерно превземената реактивна електрична енергија се утврдува со пресметка.

(3) Пресметката претставува позитивна разлика помеѓу превземената реактивна електрична енергија и дозволената реактивна електрична енергија која одговара на факторот на моќност cosφ=0,95.

(4) Надоместокот за прекумерно превземената реактивна електрична енергија за месечниот пресметковниот период се добива со множење на тарифата за прекумерно превземена реактивна електрична енергија изразена во денари/kvarh со прекумерно превземената реактивна електрична енергија пресметана согласно став (3) на овој член.

(5) Производителите на електрична енергија приклучени на електродистрибутивниот систем плаќаат надоместок за прекумерно преземена реактивна електрична енергија само во периодите кога преземаат и активна електрична енергија.

Член 12

За корисниците од член 5 од овој Тарифен систем се утврдува следната примена на пресметковните елементи во зависност од начинот на мерење:

1) за категорија на корисници приклучени на висок напон и категорија на корисници приклучени на среден напон и категорија на корисници приклучени на низок напон: активна врвна моќност и еднотарифно мерење на активна и реактивна електрична енергија

2) за категорија на корисници приклучени на низок напон: еднотарифно мерење на активна електрична енергија.

## IV ПРЕСМЕТКА НА ТАРИФИТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЕЛЕКТОРДИСТРИБУТИВНИОТ СИСТЕМ

Член 13

(1) Регулираниот максимален приход на ОДС се остварува преку наплата на надоместоците за пристап на електродистрибутивниот систем, активна електрична енергија, врвна активна моќност и прекумерно преземена реактивна електрична енергија.

(2) Заради пресметка на тарифите за пресметковните елементи од член 5 став (1) од овој Тарифен систем, Регулаторната комисија за енергетика, на предлог на ОДС, за секоја година од регулираниот период ги определува составните делови од регулираниот максимален приход на ОДС што ќе се остварат преку надоместоците од ставот (1) на овој член, при што се смета дека делот од приходите што ќе се остварат по основ на надоместокот за прекумерно преземена реактивна електрична енергија е еднаков на нула.

(3) Деловите од регулираниот максимален приход определени во согласност со став (2) на овој член, ОДС ги пресметува и распределува по категории корисници во согласност со Прилог 1 од овој Тарифен систем, имајќи ги предвид локацијата на основните средства во топологијата на електродистрибутивниот систем и сметководствената евиденција и извештаите за трошоци и ги доставува до Регулаторната комисија за енергетика, прикажани според форматот утврден во Прилог 2 од овој Тарифен систем.

(4) Делот од регулираниот максимален приход што треба да се оствари преку наплата на надоместоците за пристап на електродистрибутивниот систем, врвна активна моќност и за преземена активна електрична енергија се распределува во согласност со Прилог 1 од овој Тарифен систем.

(5) Делот од регулираниот максимален приход што зависи од активната електрична енергија се распределува според принципот „одгоре надолу“ до корисниците во согласност со Прилог 1 од овој Тарифен систем.

(6) Делот од регулираниот максимален приход што зависи од врвната активна моќност се распределува според принципот „одгоре надолу“ до корисниците во согласност со Прилог 1 од овој Тарифен систем.

Член 14

(1) Тарифата за активна електрична енергија за секоја категорија на корисници претставува количник од регулираниот максимален приход на ОДС што зависи од активната електрична енергија и се однесува на соодветното напонско ниво и прогнозираната потрошувачка на активна електрична енергија на корисниците од соодветната категорија на корисници.

(2) По исклучок од став 1 на овој член, тарифата за активна електрична енергија за категоријата на корисници приклучени на низок напон, кај кои не се мери врвната активна моќност,претставува количник од:

- збирот од регулираниот максимален приход што зависи од активната електрична енергија за напонско ниво од 0,4kV и регулираниот максимален приход што зависи од врвната активна моќност за напонско ниво од 0,4kV,

и

- прогнозираната потрошувачка на активна електрична енергија на корисниците од категоријата на корисници приклучени на низок напон.

(3) Тарифата за врвна активна моќност за секоја категорија претставува количник од регулираниот максимален дозволен приход на ОДС што зависи од врвната активна моќност и прогнозираната врвната активна моќност на корисниците од соодветната категорија на корисниците.

(4) Тарифата за прекумерно превземената реактивна електрична енергија за секоја категорија на корисници кај кои се мери реактивна електрична енергија се утврдува да изнесува 40% од тарифата за активната електрична енергија за соодветната категорија на корисници.

## VII ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 15

Постапката за барањето за одобрување на регулираниот максимален приход и цена поднесено од страна на операторот на електродистрибутивниот систем пред стапување во сила на овој Тарифен систем, кое се однесува на 2027 година, ќе продолжи согласно овој Тарифен систем.

Член 16

Со денот на влегување во сила на овој тарифен систем престанува да важи Тарифниот систем за дистрибуција на електрична енергија за потрошувачите приклучени на дистрибутивниот систем во сопственост на АД ЕЛЕМ – Скопје („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/12 и 113/14).

Член 17

Овој Тарифен систем влегува во сила со денот на донесување, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија
Претседател,
**Ацо Ристов,** с.р.

Бр. 02-1670/1
2 ноември 2026 година
Скопје

**ПРИЛОГ 1 - Распределба на составни делови на регулиран максимален приход и утврдување тарифи за пресметковни елементи**

$K^{i}_{Total} = KL^{i} + KE^{i} + NP^{i}$

$K^{i}_{alokacija} = K^{i}_{Total} - NP^{i}$

Каде што:

$K^{i}_{Total}$ - вкупен регулиран максимален приход

$K^{i}_{alokacija}$ - регулиран максимален приход по напонски нивоа за кои се утврдени категории на корисници согласно овој тарифен систем

$KL^{i}$ - регулирани максимален дозволен приход на ОДС што зависи од врвната активна моќност по напонски нивоа за кои се утврдени категории на корисници согласно овој тарифен систем

$KE^{i}$ - регулираниот максимален дозволен приход на ОДС што зависи од активна електрична енергија по напонски нивоа за кои се утврдени категории на корисници согласно овој Тарифен систем

$NP^{i}$ - регулирани максимален дозволен приход на ОДС што зависи од наплата на надоместоците за пристап на електродистрибутивниот систем по напонски нивоа за кои се утврдени категории на корисници согласно овој тарифен систем

при што i се менува на следниот начин:

i = HV - корисници од категорија на корисници приклучени на висок напон 110 kV и повисоко (во понатамошниот текст: мрежа HV)

i = MV - корисници од категорија на корисници приклучени на среден напон (35kV или 20kV или 10kV или 6kV) (во понатамошниот текст: мрежа MV )

i = LV корисници од категоријата на корисници приклучени на низок напон (0,4kV) (во понатамошниот текст: мрежа LV )

## 1. Разложување на регулираниот максимален приход по составни елементи по напонски нивоа во зависност од врвната активна моќност и активна електрична енергија

Регулаторната комисија енергетика, на предолг на ОДС, го одобрува начинот на разложување на регулираниот максимален приход по составни елементи по напонски нивоа во зависност од врвната активна моќност и активна електрична енергија

$K_{HV} = KL_{HV} + KE_{HV}$;

$K_{MV} = KL_{MV} + KE_{MV}$;

$K_{LV} = KL_{LV} + KE_{LV}$

Каде што:

$K_{HV}$ - регулиран максимален приход по составни елементи за мрежа HV, денари

$K_{MV}$ - регулиран максимален приход по составни елементи за мрежа MV, денари

$K_{LV}$ - регулиран максимален приход по составни елементи за мрежа LV, денари

$KL_{HV}$ - регулиран максимален приход по составни елементи што зависи од врвната активна моќност за мрежа HV, денари

$KL_{MV}$ - регулиран максимален приход по составни елементи што зависи од врвната активна моќност за мрежа MV, денари

$KL_{LV}$ - регулиран максимален приход по составни елементи што зависи од врвната активна моќност за мрежа LV, денари

$KE_{HV}$ - регулиран максимален приход по составни елементи што зависи од активна електрична енергија за мрежа HV, денари

$KE_{MV}$ - регулиран максимален приход по составни елементи што зависи од активна

електрична енергија за мрежа MV, денари

$KE_{LV}$ - регулиран максимален приход по составни елементи што зависи од активна електрична енергија за мрежа LV, денари

2. **Распределба на регулираниот максимален приход по напонски нивоа до крајните корисници во зависност од врвната активна моќност**

2.1. Распределба на регулираниот максимален приход за мрежа HV

$$KL^{HV} = (KL_{HV}) * \frac{L_{HV1}^{HV}}{L_{HV1}}$$

Каде што:

$KL^{HV}$ - регулиран максимален приход за мрежа HV распределен на корисниците од мрежа HV, денари

$KL_{HV}$ - регулиран максимален приход по составни елементи што зависи од врвната активна моќност за мрежа HV, денари

$L_{HV}^{HV}$ - измерена врвна моќност на корисниците приклучени на мрежа HV, MW

$L_{HV1}$ - измерена врвна моќност на мрежа HV, MW

2.2. Распределба на регулираниот максимален приход за мрежа MV

$$KL^{MV} = (KL_{HV-MV} + KL_{MV}) * \frac{L_{MV1}^{MV}}{L_{MV}}$$

$$KL_{HV-MV} = (KL_{HV}) * \frac{(L_{HV} - L_{HV}^{HV})}{L_{HV}}$$

**каде што:**

$KL^{MV}$ - регулиран максимален приход за мрежа MV распределен на корисниците

од мрежа MV, денари

$KL_{HV-MV}$ - регулиран максимален приход по составни елементи што зависи од врвната активна моќност за мрежа HV каскадно распределен до мрежа MV, денари

$KL_{MV}$ - регулиран максимален приход по составни елементи што зависи од врвната активна моќност за мрежа MV, денари

$L_{MV}^{MV}$ - измерена врвна моќност на корисниците приклучени на мрежа MV, MW

$L_{MV}$ - измерена врвна моќност на мрежа MV, MW

2.3. Распределба на регулираниот максимален приход за мрежа LV

$$KL^{L} = KL_{MV-LV} + KL_{L}$$

$$KL_{MV-LV} = (KL_{HV-MV} + KL_{MV}) * \frac{(L_{MV} - L_{MV}^{MV})}{L_{MV}}$$

$KL^{L}$ - регулиран максимален приход за мрежа LV распределен на корисниците од мрежа LV, денари

KLLV$KL_{L}$ - регулиран максимален приход по составни елементи што зависи од врвната активна моќност за мрежа L, денари

## 3. Распределба на регулираниот максимален приход по напонски нивоа до крајните корисници во зависност од активната електрична енергија

3.1. Распределба на на регулираниот максимален приход за мрежа HV

$$KE^{HV} = (KE_{HV}) * \frac{E^{HV}}{E_{HV}}$$

$KE^{HV}$ - регулиран максимален приход што зависи од активна електрична енергија за мрежа HV распределен на корисниците од мрежа HV, денари

$KE_{HV}$ - регулиран максимален приход по составни елементи што зависи од активна електрична енергија за мрежа HV, денари

$E^{HV}$ - годишна потрошувачка на активна електрична енергија на корисниците приклучени на мрежа HV, зголемена за загубите при трансформација, kWh

$E_{HV}$ - годишна количина на активна електрична енергија на влез на мрежа HV, kWh

3.2. Распределба на на регулираниот максимален приход за мрежа MV

$$KE^{MV} = (KE_{HV-MV} + KE_{MV}).\frac{E^{MV}}{E_{MV}}$$

$$KE_{HV-MV} = (KE_{HV}).\frac{(E_{HV} - E^{HV})}{E_{HV}}$$

$KE^{MV}$ - регулиран максимален приход што зависи од активна електрична енергија за мрежа MV распределен на корисниците од мрежа MV, денари

$KE_{HV-MV}$ - регулиран максимален приход по составни елементи што зависи од од активна електрична енергија за мрежа HV каскадно распределен до мрежа MV, денари

$KE_{MV}$ - регулиран максимален приход по составни елементи што зависи од активна електрична енергија за мрежа MV, денари

$E^{MV}$ - годишна потрошувачка на активна електрична енергија на корисниците приклучени на мрежа MV, зголемена за загубите при трансформација, kWh

$E_{MV}$ - годишното количина на активна електрична енергија на влез на мрежа MV, kWh

3.3. Распределба на регулираниот максимален приход за мрежа L

$$KE^{L} = KE_{MV-L} + KE_{L}$$

$$KE_{MV-L} = (KE_{HV-MV} + KE_{MV}) * \frac{(E_{MV} - E^{MV})}{E_{MV}}$$

$KE^{L}$ - регулиран максимален приход што зависи од активна електрична енергија за мрежа L распределен на корисниците од мрежа L, денари

$KE_{MV-L}$ регулиран максимален приход по составни елементи што зависи од активна електрична енергија за мрежа MV каскадно распределен до мрежа L, денари

$KE_{L}$ - регулиран максимален приход по составни елементи што зависи од активна електрична енергија за мрежа L, денари

## 4. Определување на тарифи за пресметковни елементи

4.1 Тарифи за врвна активна моќност

$$DC^{HV} = \frac{KL^{HV}}{LI^{HV}}$$

$$DC^{MV} = \frac{KL^{MV}}{LI^{MV}}$$

### 4.2 Тарифи за активна електрична енергија

$$EC^{HV} = \frac{KE^{HV}}{E^{HV}}$$

$$EC^{MV} = \frac{KE^{MV}}{E^{MV}}$$

$$EC^{LV} = \frac{KE^{LV} + KL^{LV}}{E^{LV}}$$

каде што:

$DC^{TL1}$ - Тарифа за врвна активна моќност за корисниците приклучени на мрежа HV, ден/ kW

$DC^{MV}$ - Тарифа за врвна активна моќност за корисниците приклучени на мрежа MV, ден/ kW

$LI^{HV}$ - Измерена збирна врвна активна моќност кај корисниците приклучени на ниво на трансформација TL1, kW

$LI^{MV}$ - Измерена збирна врвна активна моќност кај корисниците приклучени на мрежа MV, kW

$EC^{HV}$ - Тарифа за активна електрична енергија за корисниците приклучени на мрежа HV, ден/ kWh

$EC^{MV}$ - Тарифа за активна електрична енергија за корисниците приклучени на мрежа MV, ден/ kWh

$EC^{LV}$ Тарифа за активна електрична енергија за корисниците приклучени на мрежа LV, ден/ kWh

## 5. Надоместоци за пристап на електродистрибутивниот систем по категории приклучоци

Вкупните приходи што ОДС треба да ги оствари во годината *t* преку наплата на надоместок за пристап на електродистрибутивниот систем од корисниците на електродистрибутивниот систем приклучени на одделните категории приклучоци се определуваат на следниот начин:

$NP_{LV} = MNP_{LV} * BP_{LV} * 12$
$NP_{MV} = MNP_{MV} * BP_{MV} * 12$
$NP_{HV} = MNP_{HV} * BP_{HV} * 12$

каде што:

$NP_i$ $(i=LV,MV,HV)$ - вкупен надоместок за пристап на електродистрибутивниот систем (во годината *t)* по напонски нивоа за кои се утврдени категории на корисници согласно овој тарифен систем.

$MNP_i$ $(i=LV,MV,HV)$ - месечен износ на надоместок за пристап на електродистрибутивниот систем (во годината *t)* по напонски нивоа за кои се утврдени категории на корисници согласно овој тарифен систем.

$BP_i$ $(i=LV, MV, HV)$ - вкупен број на корисници на електродистрибутивниот систем по напонски нивоа од утврдени категории на корисници согласно овој тарифен систем.

ПРИЛОГ 2 - Табели

***Фактор за распределба на амортизација (D)***

| | | t-3 | t-2 | t-1 | t (година за која се определува MAR) |
|---|---|---|---|---|---|
| ниво на трансформација TL1 | % | | | | |
| мрежа MV1 | % | | | | |
| ниво на трансформација TL2 | % | | | | |
| мрежа LV | % | | | | |
| заеднички услуги | % | | | | |
| ***Вкупно (%)*** | % | | | | |

***Фактор за распределба на поврат на капитал (RA)***

| | | t-3 | t-2 | t-1 | t (година за која се определува MAR) |
|---|---|---|---|---|---|
| ниво на трансформација TL1 | % | | | | |
| мрежа MV1 | % | | | | |
| ниво на трансформација TL2 | % | | | | |
| мрежа LV | % | | | | |
| заеднички услуги | % | | | | |
| ***Вкупно (%)*** | % | | | | |

***Фактор за распределба на трошоци за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар***

| | | t-3 | t-2 | t-1 | t (година за која се определува MAR) |
|---|---|---|---|---|---|
| ниво на трансформација TL1 | % | | | | |
| мрежа MV1 | % | | | | |
| ниво на трансформација TL2 | % | | | | |
| мрежа LV | % | | | | |
| заеднички услуги | % | | | | |
| ***Вкупно (%)*** | % | | | | |

***Фактор за распределба на трошоци за тековно одржување, ремонт и услуги за одржување на средствата***

| | | t-3 | t-2 | t-1 | t (година за која се определува MAR) |
|---|---|---|---|---|---|
| ниво на трансформација TL1 | % | | | | |
| мрежа MV1 | % | | | | |
| ниво на трансформација TL2 | % | | | | |
| мрежа LV | % | | | | |
| заеднички услуги | % | | | | |
| ***Вкупно (%)*** | % | | | | |

***Фактор за распределба на трошоци за осигурување***

| | | t-3 | t-2 | t-1 | t (година за која се определува MAR) |
|---|---|---|---|---|---|
| ниво на трансформација TL1 | % | | | | |
| мрежа MV1 | % | | | | |
| ниво на трансформација TL2 | % | | | | |
| мрежа LV | % | | | | |
| заеднички услуги | % | | | | |
| ***Вкупно (%)*** | % | | | | |

***Фактор за распределба на бруто плати***

| | | t-3 | t-2 | t-1 | t (година за која се определува MAR) |
|---|---|---|---|---|---|
| ниво на трансформација TL1 | % | | | | |
| мрежа MV1 | % | | | | |
| ниво на трансформација TL2 | % | | | | |
| мрежа LV | % | | | | |
| заеднички услуги | % | | | | |
| ***Вкупно (%)*** | % | | | | |

***Фактор за распределба на менаџерскиплати и менаџерски награди***

| | | t-3 | t-2 | t-1 | t (година за која се определува MAR) |
|---|---|---|---|---|---|
| ниво на трансформација TL1 | % | | | | |
| мрежа MV1 | % | | | | |
| ниво на трансформација TL2 | % | | | | |
| мрежа LV | % | | | | |
| заеднички услуги | % | | | | |
| ***Вкупно (%)*** | % | | | | |

***Фактор за распределба на трошоци за други услуги***

| | | t-3 | t-2 | t-1 | t (година за која се определува MAR) |
|---|---|---|---|---|---|
| ниво на трансформација TL1 | % | | | | |
| мрежа MV1 | % | | | | |
| ниво на трансформација TL2 | % | | | | |
| мрежа LV | % | | | | |
| заеднички услуги | % | | | | |
| ***Вкупно (%)*** | % | | | | |

***Фактор за распределба на останати и вонредни трошоци***

| | | t-3 | t-2 | t-1 | t (година за која се определува MAR) |
|---|---|---|---|---|---|
| ниво на трансформација TL1 | % | | | | |
| мрежа MV1 | % | | | | |
| ниво на трансформација TL2 | % | | | | |
| мрежа LV | % | | | | |
| заеднички услуги | % | | | | |
| ***Вкупно (%)*** | % | | | | |

***Фактор за распределба поради примена на фактор на порамнување***

| | | t-3 | t-2 | t-1 | t (година за која се определува MAR) |
|---|---|---|---|---|---|
| ниво на трансформација TL1 | % | | | | |
| мрежа MV1 | % | | | | |
| ниво на трансформација TL2 | % | | | | |
| мрежа LV | % | | | | |
| заеднички услуги | % | | | | |
| ***Вкупно (%)*** | % | | | | |

***Фактор за распределба на пренесени трошоци (CPT), како и фактор на корекција (K)***

| | | t-3 | t-2 | t-1 | t (година за која се определува MAR) |
|---|---|---|---|---|---|
| ниво на трансформација TL1 | % | | | | |
| мрежа MV1 | % | | | | |
| ниво на трансформација TL2 | % | | | | |
| мрежа LV | % | | | | |
| заеднички услуги | % | | | | |
| ***Вкупно (%)*** | % | | | | |

***Фактор за распределба за заеднички услуги***

| | | t-3 | t-2 | t-1 | t (година за која се определува MAR) |
|---|---|---|---|---|---|
| ниво на трансформација TL1 | % | | | | |
| мрежа MV1 | % | | | | |
| ниво на трансформација TL2 | % | | | | |
| мрежа LV | % | | | | |
| заеднички услуги | % | | | | |
| ***Вкупно (%)*** | % | | | | |

***Фактор за распределба за останати приходи***

| | | t-3 | t-2 | t-1 | t (година за која се определува MAR) |
|---|---|---|---|---|---|
| ниво на трансформација TL1 | % | | | | |
| мрежа MV1 | % | | | | |
| ниво на трансформација TL2 | % | | | | |
| мрежа LV | % | | | | |
| заеднички услуги | % | | | | |
| ***Вкупно (%)*** | % | | | | |

* за секоја табела да се достави колкав дел се однесува на врвната активна моќност, а колкав дел на активнта електрична енергија